# ЗОШТО РОДИТЕЛИТЕ СЕ РАЗВЕДУВААТ?



Дали твоите родители се разделени или разведени?

И вие не сте сами!

Околу еден од секои 2 или 3 бракови завршува со развод.



Разводот се случува откако мажот и
жената решат дека повеќе не сакаат да
живеат заедно и дека повеќе не сакаат
да се во брак едни со други.
Тие се согласуваат да потпишат правни
документи со кои повторно се
слободни и им дозволуваат да се
омажат со други луѓе доколку сакаат.



# Разводот е тежок процес за целото семејство!

Можеби звучи едноставно, но не е лесно мажот и жената да одлучат да стават крај на бракот. Често тие поминуваат долго време, обидувајќи се да ги решат проблемите пред да одлучат за развод. Но, понекогаш едноставно не можат да ги решат проблемите и сваќаат дека разводот е најдобро решение. Промената е природен дел од животот, која знае да делува страшно особено кога тоа се случува со вашето семејство. Понекогаш е навистина тешко да се справите.







Понекогаш, и двајцата родители сакаат да се разведат, а понекогаш едниот сака, а другиот не. Обично, и двајцата родители се разочарани што нивниот брак не може да трае, дури и ако едниот сака развод - и да живее одделно - повеќе од другиот.

Скоро секогаш разводот ги повредува детските чувства, особено кога еден родител треба да ја напушти куќата во која живеат. Тешко е да не се зема лично. Важно е да се запомни дека разводот се случува помеѓу мажот и жената, и иако тоа влијае на целото семејство, тоа не значи дека родителот кој ја напушта куќата не се грижи и не ги сака децата.



Многу деца не сакаат нивните родители да се разведат. Некои деца имаат измешани чувства во врска со тоа, особено ако знаат дека нивните родители не се среќни заедно. Некои деца можеби дури и се чувствуваат ослободени кога родителите се разведуваат, особено ако имало многу кавги и расправии меѓу родителите за време на бракот.



Важно е да се знае дека
разводот не треба да влијае на
еден важен факт:
Таткото или мајката иако
живеат некаде на друго место
се уште се важи родители.
Тоа е засекогаш. Тоа никогаш
нема да се промени.



# Децата не се причина за развод !

Луѓето се разведуваат порадиразлични причини. Вообичаено, родителите се разведуваат кога имаат премногу проблеми и едноставно не можат да ги решат, без разлика колку и да се трудат. Понекогаш се се појавува лутина и гнев, и таквата ситуација најчесто носи голем број на караници и расправии. Понекогаш престануваат да зборуваат меѓусебе затоа што се лути еден на друг, а понекогаш сретнуваат друга личност кон која развиваат љубов и наклонетост,





Возрасните имаат свои причини за развод. Без оглед на причините, едно е сигурно: Децата не се причина за развод.

Сепак, многу деца веруваат дека тие се причинат зошто нивните родители се имаат разведено. Тие мислат дека ако тие се однесувале подобро, добиле подобри оценки, или им помогале повеќе околу куќата, разводот не би се случил. Но, ова не е вистина. Развод се случува само помеѓу родителите бидејќи тие така сакале!







Дури и ако некогаш сте слушнале дека вашите родители се расправаат за вас, или твојот сосед сосема мисли дека неговите родители се разделиле, бидејќи тој имал проблеми во училиште, верувајте дека тоа не предизвикува мажот и жената да го прекинат бракот.



Можеби се чувствувате виновно за разводот на вашите родители, но не сте причината. И фактот дека вашите родители не сакаат да останат во брак не е ваша вина.

# Децата не можат да го поправат бракот!

Исто како што разводот не е вина на децата, така и децата не можат да ги спојуваат родителите доколку тие не сакаат. И, најверојатно, тоа нема да се случи, иако многу деца го сакаат тоа, па дури и пробуваат безброј работи за кои мислат дека би можеле да успеат да го поправат бракот на нивните родители. Можете да внимавате на се и да бидете како ангел дома постојано (кој може да го стори тоа?) Успехот на училиште може да ги направи твоите мама и тато среќни, но тоа не значи дека ќе бидат заедно повторно .



И спротивното исто така. Создавајќи проблеми, така што мама и тато ќе мора да седнат и да разговараат за овие проблеми, нема да го поништи разводот. Затоа, најдобро би било да се обидете да разговарате за чувствата што ги имате со вашите родители, друг член на семејството, пријател, професор или психолог во училиштето .





Конечно – фокусирајте се на позитивните работи : разводите се случуваат бидејќи родителите повеќе не се среќни еден со друг. Значи, резултатот од разводот може да значи дека родителите ќе бидат посреќни и ќе имаат повеќе време да поминат со вас. Исто така, ќе научите да се справите со тешките околности и да станете посилни, што ќе ви помогне подоцна во животот.

